ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Декември 2022 година

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19 и 14/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство број 04-6397/2 од 01.06.2015 година, измена број 04-4634/2 од 29.04.2021 година, измена број 04-7378/3 од 14.09.2021 година.

### Член 2

Во делот II Организациони облици, во членот 10 – Сектор за управување на претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), алинеја 4 се брише „Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР" од ИПАРД фондови„.

### Член 3

Во делот III Делокруг на организациони облици, во членот 15 се брише „Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР" од ИПАРД фондови„.

### Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

МИНИСТЕР,

Љупчо Николовски

Број 04-13625/1

27.12.2022 година

Скопје